Врз основа на член 145 став (7) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 6 јуни 2023 година, даде

**РЕШЕНИЕ**
**за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Европско право и европски интеграции" на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип**

1. Со ова решение се утврдува почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Европско право и европски интеграции" на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По добивање на Решението за акредитација 08-428/12 од 1.12.2022 година, од страна на Одборот за акредитација на високото образование, на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, достави Барање бр. 0809-815/2 од 13.12.2022 година, до Агенцијата за квалитет во високото образование, заведено под бр. 08-1286/1 од 21.12.2022 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Европско право и европски интеграции" на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип.

Директорот на Агенцијата за квалитет во високото образование, со Решение бр. 08-1286/2 од 21.12.2022 година, формираше Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма наведена во точка 1 на ова решение.

Комисијата на 22.12.2022 година, изврши увид и изготви Извештај бр. 08 -1286/3 од 27.12.2022 година, во кој се констатира дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од трет циклус на студии по „Европско право и европски интеграции" на Правниот факултет, при Државниот универзитет „Гоце Делчев" во Штип, согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование* и Уредбата за нормативи и стандарди за основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Согласно член 145 став (7) од Законот за високото образование* решение за почеток со работа на студиските програми од трет циклус дава Владата на Република Северна Македонија, по добиена акредитација од страна на Одборот за

акредитација на високото образование и по добиен позитивен извештај за исполнетост на условите за почеток со работа на студиските програми.

Решението задолжително се објавува на веб - страницата на Агенцијата за квалитет во високото образование.

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

**Бр. 41-4314/6**
**6 јуни 2023 година**
**Скопје**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**

Подготвил: Даниела Давитковска, помлад соработник
Проверил: Никола Пасков, раководител на одделение
Катерина Јаневска, раководител на одделение
Контролирал: Стојанчо Радичевски, помошник раководител на сектор
Jetmira Maliqi, помошник раководител на сектор
Согласен: : Снежана М. Пендовски, државен советник
Зоран Брњарчевски, раководител на сектор
Одобрил: м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата